Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04 -3603/ 10
од 29-04-2025 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 и став 5 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Секретарот на Општина Кисела Вода, донесе

## ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас 05/2025

1.За извршител на работно место **Советник за правни работи и застапување, одделение за правни работи во Секторот за нормативно правни работи- 1 извршител**, со шифра на работно место УПР0101В01000, се избира кандидатот **Ивана Ангеловска.**

2.Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од Точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-3603/6 од 25.04.2025 година, а во врска со Интерен оглас бр.05/2025 за работното место Советник за правни работи и застапување, одделение за правни работи во Секторот за нормативно правни работи- 1 извршител, изготви Записник од административната селекција за интерен оглас бр.04-3603/7 од 28.04.2025 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-3603/8 од 28.04.2025 година. Согласно Записник од административната селекција бр.04-3603/7 на огласот единствен пријавен кандидат е Ивана Ангеловска. Согласно Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-3603/8 Комисијата изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати со предлог Одлука за избор на прво рангираниот кандидат. Врз основа на приложената документација, а согласно

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија
тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

член 52 став 1 од Закон за административни службеници се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на институцијата.

**Изработил/контроирал**
Цветанка Тодоровска

**Контролирал/Одобрил**
Раководител на Сектор
Николче Гроздановски

СЕКРЕТАР
на Општина Кисела Вода
м-р Мирко Ивановски

-----------------------------

Доставено до:
- Именуваната
- Интернет страната на Општина Кисела Вода
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- архива